ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА НА УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ - РЕКТОРАТ СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

**01 2023 05 01/1**

**Скопје, октомври 2023 година**

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат на сметката основен буџет (603) за 2022 година.

Со извршената ревизија изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат на сметката за основен буџет (603) за 2022 година утврдивме:

- дел од средствата набавени во претходен период не се обележани со инвентарни броеви и не е утврдена вредноста на истите во пописните листи поради што не е извршено усогласување фактичката со сметководствената состојба и
- не е извршено евидентирање на земјиштето во деловните книги на Ректоратот.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашањата за неизвесност и континуитет ревизијата известува за:

- судските спорови во кои УКИМ е странка во постапките;
- неизвесноста за довршување и ставање во употреба на отпочната изградба на објекти во рамките на кампусот на УКИМ кои се наменети за ФФОСЗ и ФИНКИ, како и изградбата на спортска сала од АМС;
- реализација на договорот склучен помеѓу Фондот за иновации и технолошки развој и Акцелератор УКИМ заради финансирање на предлог проекти преку Инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции за деловно – технолошки акцелератори;
- неименувани членови во Универзитетскиот совет од страна на надлежни органи и
- нецелосни податоци за објектите и земјиштето на организационите единици (факултетите и институтите) во состав на УКИМ во регистарот за недвижностите.

Во делот за Останати прашања се осврнуваме на прашање кои се однесува на доуредување на Законот за високо образование.

Од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат, доставена е забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на основен буџет 603), истата е разгледана и е оценето дека претставува образложенија за утврдените состојби и не се доставени дополнителни докази за промена на констатираните состојби.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 4 |
| 5. Останати прашања | 11 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 12 |
| 7. Опфат и ограничувања | 13 |
| 8. Одговорност за финансиски извештаи | 13 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 13 |
| 10. Одговор на ревидираниот субјект | 15 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 16 |
| Биланс на состојба | 17 |
| Преглед на промени на капиталните средства | 18 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 19 |
| Сметководствени политики | 24 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 26 |

Прилог 1 - Забелешки на Нацрт извештај
Прилог 2 - Одговор на забелешки на Нацрт извештај

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МСМЈЛК | Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| Ректорат | Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат |
| Ректорската управа | Ректорската управа ја сочинуваат Ректор, проректори, декани на факултетите и директорите на научните институти и претседателот на Универзитетското студентско собрание |
| ТД | Трговско друштво |
| УКИМ | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ |
| УСС | Универзитетско студентско собрание |
| УС | Универзитетски совет |
| ФИНКИ | Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство |
| ФФОСЗ | Факултетот за физичко образование, спорт и здравје |
| ТД | Трговско друштво Центар за трансфер на технологии и иновации |
| Собрание на Република Северна Македонија | Собрание |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 23-209/17
Дата: 17.10.2023

## 1. Вовед

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат е највисока јавна автономна високообразовна, научна, односно уметничка установа, која ја сочинуваат 23 факултети и 5 научни институти.
На УКИМ може да се основаат и уметнички академии и високи стручни школи согласно со закон.
УКИМ обезбедува единство во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста, како непосредно, така и преку своите единици од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја, полиња и области (дисциплини).

Основна дејност на УКИМ е да образува студенти и да ги развива науката и уметноста.
УКИМ ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција на образовна, научна и уметничка дејност) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување, согласно со Законот за високото образование.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна од 16 до 18 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат, на сметката за основен буџет (603) за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенијата кон финансиските извештаи и
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат на сметката за основен буџет (603) за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат, на ден 31 декември 2022 година на сметката за основен буџет (603), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат, за 2022 година на сметката за основен буџет (603), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Со увид во деловните книги на Ректоратот и преземените активности за вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските и усогласување на сметководствена и материјалната евиденција со фактичката состојба за 2022 година, ревизијата го утврди следното:

- физичкиот попис на постојаните средства (опрема и други средства) е извршен од страна на пописната комисија по објекти/локација со податоци за количината без вредносни показатели;
- дел од опрема која е набавена во претходен период (25% од вредноста на опремата) не е обележана со инвентарни броеви, а на пописните листи е наведен само назив и количина без податоци за вредноста на истата, поради што не може да се потврди усогласувањето на фактичката со сметководствената состојба.

Наведеното не е во согласност со член 31 и 31 а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, кој предвидува пописните листи да содржат податоци за материјалните средства во натурални и парични вредности внесени од страна на Комисијата за попис со обврска да ги утврди и вредносно да ги искаже материјалните разлики.

Неправилностите при пополнување на пописните листи од страна на пописната комисија и усогласување на фактичката состојба со сметководствената состојба на дел од средствата може да имаат влијание на реално и објективно искажување на состојбата на постојаните средства во деловните книги.

Во мај 2022 година по претходно спроведена постапка за јавна набавка склучен е Договор[1] со економскиот оператор за изработка на интегриран финансов информационен софтвер за финансиско, материјално и сметководствено работење, истиот е воспоставен во текот на годината и е користен како тест период за известувачкиот период предмет на ревизија напоредно со стариот софтвер. Од 2023 година сметководственото работење се врши со примена на ново набавениот софтвер кој има шест модули, меѓу кои модулот за материјално работење во кој е предвидено листање на пописни листи, внес на состојба во натурални и вредносни податоци и листање на разлики после попис.

**Препорака**
Ректорот да преземе мерки и активности за организирање на активностите за обележување на сите средства со инвентарни броеви, извршување на попис и

[1] број 25380/3 од 23.05.2022 година

усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба на средствата на начин регулиран со законски одредби.

3.1.2. Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека Ректоратот нема воспоставено евиденција на земјиштето кое е запишано во имотните листи со право на сопственост Република Северна Македонија, а корисник е УКИМ.
Наведеното не е во согласност со член 6 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со кој е пропишано дека преку деловните книги се обезбедуваат еднообразни евиденции и други облици на евиденции со кои се овозможува согледување на состојбата и движењата на средствата, обврските, изворите на средствата, приходите и другите приливи, за расходите и другите одливи, и резултатот од работењето. Не преземените мерки за утврдување на вредноста на земјиштето и евидентирање во деловните книги на Ректоратот, влијае на реалноста и веродостојноста на искажаните податоци на постојаните средства во финансиските извештаи.

Во текот на ревизијата преземени се мерки за утврдување на цената на градежното земјиште и по доставено барање добиен е Одговор на барање[2] од службите на Град Скопје за утврдување на вредноста на земјиштето врз основа на податоците содржани во Правилникот за унифицирање на цените на градежното и земјоделското земјиште и зоните на населени места на подрачјето на Град Скопје при примена на методологијата за процена на пазарната вредност[3].

**Препорака**

Ректорот да продолжи со преземање активности со цел доршување на постапките за утврдување на вредноста на земјиштето кое го користи Ректоратот и негово евидентирање во деловните книги.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Обрнуваме внимание дека УКИМ во 2022 година е тужена странка во 2 судски постапки во кои се бара наплата на вкупен износ во висина од 2.185 илјади денари по основ на: стекнување право на сопственост по пат на одржување на недвижен имот издаден под закуп во претходен период и неостварени права по Закон за работни односи. Ректоратот, исто така се јавува и како тужител во судска постапка против поранешна придружна членка на УКИМ за иселување од просториите во сопственост на Универзитетот на УКИМ во износ од 1.500 илјади денари.

[2] бр.03-456/3 од 11.07.2023 година
[3] бр.08-2881/1 од 21.03.2022 година

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз буџетот на Ректоратот.

4.2. Во кампусот на УКИМ, на земјиштето кое согласно имотен лист е дадено на користење на универзитетот, пред повеќе години од страна на други институции отпочната е изградба на објекти за ФФОСЗ и ФИНКИ, како и АМС за објект спортска сала. Ревизијата истакнува дека истите сеуште не се довршени и во голем дел се руинирани и тоа:

- **Изградбата на објектите за факултетите ФФОСЗ и ФИНКИ**

Отпочната е изградбата на објекти на земјиштето во кампусот на УКИМ кои се однесуваат за факултетите ФФОСЗ и ФИНКИ, која е во надлежност на МОН. Овие објекти кои сеуште не се довршени, а Ректоратот нема добиено документацијата за почетокот и текот на градбата на објектите од страна на МОН.

Во текот на ревизијата од страна на одговорното лице на Ректоратот доставено е писмо до МОН број 13-426/6 од 30.06.2023 година за потребни информации и прилог материјали за објектите. Имено, побарани се податоци и докази за: одобрение за градба, согласности за користење на градежно изградено земјиште, мислења и докази за регулирани имотно правни односи за земјиштето, како и информација за причините кои довеле до застој на изградбата, планираните мерки и активности за продолжување на изградбата на факултетските згради.

До денот на вршењето на ревизијата од страна на МОН не е добиен одговор со повратни информации и документација за отпочнатата изградба на објекти кои се однесува за факултетите ФФОСЗ и ФИНКИ.

- **Изградба на спортска сала од Агенцијата за млади и спорт**
  - Согласно заклучоци на Влада на Република Северна Македонија од 2006 година, АМС е задолжена да инвестира во изградба на спортски сали од "Проектот 35 спортски сали" со средства обезбедени од Буџетот на РСМ. Една повеќенаменската сала било предвидено да се гради на земјиштето во кампусот на УКИМ. За таа цел во јули 2007 година Ректорот на УКИМ склучил договор[4] за регулирање на меѓусебните односи за инвестирање во изградба на спортската сала со директорот на Агенцијата за млади и спорт.
  - Со договорот УКИМ имал обврска пред отпочнување на изградбата да обезбеди Одобрение за градење кое ќе гласи на УКИМ, а АМС да инвестира во изградба на спортската сала. По завршување на изградбата било договорено УКИМ во рок од 7 (седум) дена по доставено писмено барање АМС да го прими во владение објектот со записник за примопредавање врз основа на основниот проект.

[4] Број 13-57 од 18.07.2007 година

- Поради не навремено обезбедени и доставени проекти од страна на АМС до УКИМ барањето за одобрение за градба до МТВ е испратено 5 (пет) години по склучување на договорот. Во добиеното одобрение за градење[5] од страна на МТВ е пропишано УКИМ да побара од министерството издавање одобрение за употреба на салата по завршување на градбата но со изведен пристапен пат за влез во подземното паркиралиште и сите потребни приклучоци на постојната инфраструктура – предвидени со планската документација и основниот проект.
- По извршен надзор од страна на Заводот за испитување на материјали и развој на нови технологии кој е ангажиран од АМС на спортската сала во Извештај[6] констатирано е дека изведувачот при изведбата градел врз основа на измени на Основниот проект кои се направени во тек на градба, без согласност од Проектантите на основниот проект и Инвеститорот. Измените не се внесени во посебен проект - изведбена состојба, кој инвеститорот бил должен да го приложи како дополнување на Основниот проект и да добие согласност од проектантот на Основниот проект и одобрение (решение од овластено лице) од надлежен орган, кои не се добиени. Наведеното не е во согласност со член 69 и 58 од Законот за градење, со кои е регулиран начинот, постапката и надлежен орган за регулирање на измените во тек на градба.
- Ректоратот во август 2018 година доставил известување[7] до АМС за извршена кражба во салата со барање за итно санирање на настанатите оштетувања, за што АМС со допис го овластува УКИМ во соработка со изведувачот да се санира штетата. УКИМ поради не поседување на сопственост над објектот не преземал дејствија бидејќи тоа е обврска на АМС.
- Во врска со реализација на договорот претставници од Ректоратот и АМС во април 2022 година одржале состанок за кој е изготвен записник утврдиле дека поради доцнење на изведбата на водоводниот приклучок во 2018 година е изработен нов проект од професори од Градежен факултет, а по доставено барање[8] за пристап на ЕВН за приклучок на струја АМС нема постапено, со образложение дека фирмата изведувач е во стечајна постапка. На состанокот донесен е заклучок тим составена од стручни лица на УКИМ да изработи проценка на трошоци за реконструирање и ставање во функција на спортската сала, а АМС да го достави основниот проект и неговите измени.

---

[5] Број 20 Уп. – 1041/7 од 28.11.2012 година
[6] Број 09-925 од 30.05.2017 година
[7] Број 13-824/1 од 15.08.2018 година
[8] Број 13-343/8 од 02.10.2018 година

- УКИМ во 2023 година формира работна група[9] заради доведување на салата во состојба за технички прием и владение, која по барање[10] направила увид во документацијата и посета на салата но е констатирано дека поради вандализиран објект не постојат безбедни услови за анализи и проценки на состојбата. Поради наведеното работната група препорачува АМС да преземе мерки за доведување во состојба на објектот за технички прием и да ја обезбеди бараната документација. Меѓутоа АМС го известува[11] УКИМ дека нема можност да изврши поправки во салата, поради непредвидени и необезбедени финансиски средства за такви активности во годишната Програма за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2023 година. АМС наведува дека доколку од работната група се направи пресек и проект за реконструкција на салата ќе се ангажира во најкраток временски рок да обезбеди средства за целосна реконструкција и ставање во функција на салата.

Согледувајќи ги горенаведените состојби утврдивме дека до денот на ревизијата од страна на АМС не е извршен технички прием и предавање на објектот во владение на УКИМ, како што е предвидено со член 3 од договорот, а УКИМ не располага со документација за текот и степенот на довршеност на изградбата на спортската салата.

Исто така истакнуваме дека во конечниот извештај[12] на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на АМС за 2021 година е констатирано дека пописната комисија нема извршено попис на спортските објекти за чија изградба АМС се јавува како инвеститор. Со ревизијата е утврдено дека во финансиската евиденција на АМС се евидентирани објекти кои сеуште се водат како инвестиции во тек меѓу кои и објектот – Спортска сала на УКИМ со вредност од 161.495 илјади денари, за која е констатирано дека изградбата е финализирана во 2016 година но за истата нема добиено уверение за технички прием и не е ставена во функција повеќе години.
Неизвесноста од довршување и ставање во употреба на отпочнатата изградба на објекти во рамките на кампусот на УКИМ наменети за ФФОСЗ и ФИНКИ, како и изградбата на спортска сала од АМС, укажува на несоодветно постапување и непреземање на навремени мерки за завршување на објектите како и извршување на технички прием и предавање на објектите на институциите кои треба да ги користат/ стопанисуваат со нив со што повеќекратно се зголемува вредноста на инвестицијата.

---

[9] Одлука Број 03-466/1 од 28.03.2023 година и Одлука број 03-466/2 од 26.04.2023 година
[10] Барање Број 13-272/2 од 08.05.2023 година
[11] Број 13-272/3 од 07.06.2023 година
[12] Број 23-107/12 од 03.11.2022 година

4.3. Врз основа на член 25 став 2 точка 3 од Законот за иновациската дејност на ден 29.05.2018 година објавен е Јавен повик[13] за финансирање на предлог проекти преку Инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции за деловно – технолошки акцелератори. Со финансирањето на проектот се очекува дека деловно-технолошките акцелератори ќе ја играат клучната улога во националниот систем за иновации преку обезбедување на ресурси кои ќе придонесат за забрзан и одржлив раст и развој на новоосонованите старт-ап претпријатија.

Преку овој Инструмент, Фондот за иновации и технолошки развој обезбедува финансирање до 75 % од вкупниот буџет на проектот, за максимален износ од 500 илјади евра за оперативни трошоци, преостанатиот износ на вкупниот буџет на проектот треба да биде обезбеден од апликантот/ите.

За таа цел УКИМ (8 единици при УКИМ) и ТД Центар за трансфер на технологии и иновации - Инофеит ДООЕЛ склучуваат Договор за заедница[14] заради постигнување на неколку цели и тоа: заедничко учество во кофинансирање на Буџетот на Проектот и заедничко учество во добивката. Во член 3 од Договорот се наведува дека за водечка членка на заедницата која во платниот промет ќе истапува во име и за сметка на останатите членки на заедницата се определува Инофеит ДООЕЛ .

За потребите за учество на повикот формирано е Друштво за финансиско – услужни дејности Деловно – технолошки Акцелератор УКИМ ДОО со цел да се јави како Корисник на повикот. Како содружници во Друштво за финансиско – услужни дејности Деловно – технолошки Акцелератор УКИМ ДОО се јавуваат пет правни лица, а еден од нив е управител на Акцелераторот УКИМ. Во основната главнина на Акцелераторот УКИМ, претставникот на заедницата учествува со 30%.

На 04.09.2018 година склучен е Договор за доделување на средства преку Инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно – технички акцелератори, склучен помеѓу Фондот за иновации и технолошки развој и Акцелератор УКИМ. Врз основа на Договорот, Фондот за иновации и технолошки развој се обврзува на Акцелератор УКИМ да му додели Кофинансиран грант во износ од 499.999,50 евра кој претставува 75% од Буџетот на проектот, додека Акцелератор УКИМ се обврзува да обезбеди кофинансирање во буџетот на Проектот во износ од 166.666,50 евра односно 25% од Буџетот на проектот.

Со оглед дека претставникот на заедницата учествува во основната главнина на Акцелератор УКИМ со 30%, неговата обврска за учество во Буџетот на проектот

[13]https://fitr.mk/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b5%d0%bd-%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%ba-%d0%b7%d0%b0-%d1%84%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%b8%d1%80%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%bb%d0%be%d0%b3-5/

[14] Договор бр. 02-858 од 18.09.2019 година

изнесува 50.000 евра. Средствата треба да се платат квартално на вкупно 12 рати (квартали) во период од 36 месеци со можност да се продолжи за најмногу 12 месеци. Бидејќи во Договорот на заедницата не е наведено кој ќе го уплати износот од 50.000 евра но со устен договор помеѓу членовите уплатата ја врши Ректоратот и тоа 30% од вредноста, додека останатите осум членки од заедницата по 8,75%.

Членовите на заедницата ја извршиле уплатата согласно договорената динамика, меѓутоа претставникот на заедницата Инофеит не поседува повратни информации од управителот на Акцелераторот УКИМ во која фаза е проектот и не е доставена завршна сметка за да се утврди дали е остварена добивка која треба процентуално да се подели на сите содружници, како и извештај за реализација на проектот, склучени договори итн.

Ректорот до управителот на Акцелераторот УКИМ во текот на ревизијата има доставено Барање бр.05-766/3 од 21.07.2023 година за најитно доставување на документација за сите досегашни активности односно извештај, најнова тековна состојба, рокот на имплементација на договорот, вкупно вложени средства од страна на сите акционери и реализирани средства по одделни активности и наменската употреба на тие средства, преглед на направени расходи за работењето на Акцелераторот, преглед на подржани фирми, фаза на развој во која се наоѓа секоја од нив и очекуван поврат на средствата итн.

До денот на вршење на ревизијата според информациите од Ректоратот доставени се дел од документацијата од страна на управителот на Акцелератор УКИМ но не се во можност да потврдат дали е доставена комплетна документација за сите досегашни активности односно извештај за вкупно вложени и реализирани средства по одделни активности и наменската употреба на тие средства, фаза на развој и очекуван поврат на средствата итн.

4.4. Од страна на одговорното лице на Ректоратот во септември 2021 година се испратени дописи[15] до Собранието на Република Северна Македонија и Универзитетското студентско собрание да предложат членови за Универзитетскиот совет, но предлози не се доставени, поради што не се именувани членови во ова тело. Наведените состојби не е во согласност со член 227 од Статутот, со кој е предвидено советот да има 11 члена и тоа: пет члена именувани од Сенатот, два члена именувани од УСС од редот на студентите, три члена именувани од Собранието на РСМ и еден член именуван од Стопанската комора на РСМ. Имено, Универзитетскиот совет е надлежен да врши надзор над извршувањето на дејноста и задачите на Универзитетот во согласност со закон, законитоста на неговото работење, рационалната употреба на кадровските и материјалните ресурси и други работи утврдени со актот за основање и Статутот. Мандатот на членовите на Универзитетскиот совет трае три години без право на повторен избор, освен за членовите избрани од редот на студентите, на кои мандатот им трае една година без

[15] Број 02-957/2 и 02-957/3 од 02.09.2021

право на повторен избор. Ревизијата е на мислење дека не назначувањето на овие членови во советот може да влијае на ефикасноста во извршување на функцијата за која се основа.

4.5.Ректоратот води регистар на недвижниот имот кој е предвиден со член 266 од Статутот, додека содржината и начинот на неговото водење и доставување на податоци од организационите единици е утврден со Одлука[16] донесена од Ректорот на Ректорската управа, кој се состои од табеларен преглед со податоци за земјиштето и табеларен преглед со податоци за објектите. Регистарот за недвижности треба да ги содржи податоците за објектите и земјиштето на 28 организациони единици (23 факултети и 5 институти ) кои се во состав на УКИМ, кој согласно член 98 став 1 алинеја 15 од Законот за високо образование Ректорот управува со имотот на јавниот универзитет и се грижи за неговото одржување.
Со увид во регистарот кој се состои од табеларен преглед со податоци за земјиштето и табеларен преглед со податоци за објектите констатиравме дека внесени се 70 објекти, но истиот не ги содржи сите податоци за објектите предвидени со наведениот акт и тоа:

- 39 објекти за кои организационите единици имаат обезбедено имотен лист немаат доставено податоци за книговодствената вредност на објектите;
- за 13 објекти нема обезбедено имотен лист или се внесени податоци за имотен лист обезбеден од веб страната на АКН;
- за 4 од објектите се без имотен лист, односно од страна на организационите единици не се доставени податоци и документи за корисници на објектот/без утврдено право за сопственост и дали е отпочната постапка за легализација и други податоци предвидени во регистарот.
- од сите организациони единици не се доставени податоците за книговодствена вредност на земјиштето и документи за сопственост.

Ректоратот за потребите на ажурирање на податоците во Регистарот во претходните години (2017 и 2021 година) има преземено мерки преку доставување на писмени барања[17] до организационите единици за пополнување на податоци во Регистарот кој се состои од табеларни прегледи за земјиштето и објектите, како и доставување на соодветна документација за имотот.

Истакнуваме дека и во текот на ревизијата од страна на Ректоратот доставено е писмо број 13-725/1 од 29.06.2023 година до организационите единици за доставување на податоци во електронска и материјална форма за недвижниот имот (објекти и земјиште) со цел ажурирање на постојниот Регистар.

---

[16] Број 02-537/55 од 27.04.2018 година
[17] број 13-406/1 од 10.04.2017 и број 13-708/1 од 01.2021 година

Не постапувањето од страна на организационите единици кои се во состав на УКИМ за доставување на податоци во Регистарот за недвижности не обезбедува целосност на податоците за објектите и земјиштето со кои истите располагаат и се во нивна сопственост а се неопходни за управувањето со имотот на УКИМ и носењето на одлуки за неговото одржување од страна на Ректорот.

## 5. Останати прашања

5.1. Законот за високото образование ја регулира автономијата на високообразовните установи која вклучува: академска слобода, автономија на управувањето, неповредливост на просторот, финансиска автономија, кадровска автономија и неприкосновеност на автономијата.

Автономијата во управувањето со високообразовни установи се изразува меѓу другите и на изборот, именувањето и отповикувањето на органите, при што со законот се регулира начинот на избор, правата, должностите и одговорностите на ректорот и на проректорите.

Во Законот за високо образование со член 97 е уреден статусот на Ректорот и проректорите на универзитетот. Ректорот кој е раководен орган на универзитетот се избира од редот на редовните професори со објавување на јавен оглас на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на единиците во постапка која ја спроведува Универзитетска изборна комисија формирана од Сенатот. Проректорите се избираат на предлог на ректорот, на начин и по постапка утврдена со статутот на универзитетот.

Согласно член 97 став 14 од Законот за високо образование Ректорот своите права од работен однос ги остварува со договор склучен со Сенатот. Со договорот се уредува и обемот на неговиот ангажман на наставник на единицата од која е избран, кој не може да биде повеќе од 30% од работното време. Со оваа одредба не е уреден работниот однос на ректорот и обемот на неговиот ангажман доколку е избран од редот на професори на Медицински и Стоматолошки факултет. Имено со оваа одредба не е земен во предвид членот 174 став 3, 4, 5 и 6 од Законот за здравствена заштита со кој е предвидено високо-образовната, научноистражувачката и здравствената дејност да се врши како неделива функционална целина која се уредува со спогодба меѓу јавната високообразовна и јавната здравствена установа[18]. Согласно наведените одредби професор на медицински факултет треба да е вработен на клиника, кој согласно спогодбата има двоен работен однос врз основа на што е склучен договор за вработување со кој е утврдено работното време во двете

[18] Спогодба помеѓу ЈЗУ Универзитетската клиника за дигестивна хирургија и Медицински факултет 794/1 од 21.04.2009 година.

установи, што е од особено значење и услов за извршување на здравствената и образовната дејност.

Согласно наведените состојби истакнуваме дека во Законот за високо образование треба да се доуреди делот за правата од работен однос на ректорот доколку е од редот на редовните професори на Медицински и Стоматолошки факултет Скопје кои во исто време имаат засновано двоен работен однос со факултетот и клиниката како здравствен работник за кои не може да настапи мирување на работниот однос на факултет и на клиника.

Ревизијата ја истакнува и состојбата со исплатата на функционалниот додаток за вршење функција ректор и проректор кој со стапување на сила на Колективниот договор за високо образование и наука[19], заклучно со месец април 2021 година по известување од страна МОН престанува да се исплаќа од буџетската сметка и функционалниот додаток на плата треба да се исплаќа од сопствени приходи на установата, доколку ги има. Имено со член 75 од Колективниот договор за високото образование е предвидена исплата на функционален додаток на плата, односно додаток на основната нето плата за извршување на раководна функција, а утврдувањето на правото и висината на надоместокот од овој член да се врши со општ акт на установата. Во услови кога со Колективниот договор за високо образование не е уредено кој ќе го донесе актот за утврдувањето на правото и висината на надоместокот, ниту е утврдена висината на функционалниот додаток на плата кој се исплаќа од сопствени приходи на установата, потребно е во Законот за високо образование да се уреди надлежноста за носење на наведениот акт и определи тело кое ќе ја утврди висината на надоместокот – функционален додаток за вршење на раководна функција.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 16.03.2023 до 19.07.2023 година, кај Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Ректорат на сметка на основен буџет (603) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Добринка Весковска, помошник главен државен ревизор и ОДР,
- Албане Чупи, раководител на ревизија (по овластување) и ОДР,
- Катерина Џочкова, самостоен ревизор и ОДР,
- Бранка Ажиевска, самостоен ревизор и ОДР и

[19] Службен весник на РСМ број 102 од 07.05.2021 година

- Албана Алију, ревизор.

Од страна на Државен завод за ревизија не е извршена ревизија, ниту е издаден извештај за годините кои и претходат на годината што е предмет на ревизија.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат, застапувано од:

- Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор од 26.06.2020 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.
Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите

материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Ректоратот, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски

прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Ректорат одржан на ден 18.07.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Ректорат, број 22-224/9 од 29.09.2023 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-209/16 од 02.10.2023 година.
Забелешката се однесува на точката 3.1.1, истата е разгледана од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано дека забелешката претставува образложение за причините за утврдената состојба и не се доставени дополнителни докази за промена на констатираните состојби.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат

Сметка на основен буџет (603)

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1. | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 91.319 | 45.806 |
| **Вкупно приходи** | | **91.319** | **45.806** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати и надоместоци | | 20.406 | 16.224 |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 68.936 | 27.650 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 278 | 102 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **89.620** | **43.976** |
| **Капитални расходи** | 3.3. | | |
| Капитални расходи | | 1.699 | 1.830 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.699** | **1.830** |
| **Вкупно расходи** | | **91.319** | **45.806** |

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат**

**Сметка на основен буџет (603)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 18.564 | 8.337 |
| **Вкупно тековни средства** | | **18.564** | **8.337** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 142.292 | 120.969 |
| **Вкупно постојани средства** | | **142.292** | **120.969** |
| **Вкупна актива** | | **160.856** | **129.306** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 16.793 | 6.834 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1.771 | 1.503 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **18.564** | **8.337** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 142.292 | 120.969 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **142.292** | **120.969** |
| **Вкупна пасива** | | **160.856** | **129.306** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат
Сметка на основен буџет (603)

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2022 година** | **120.172** | **797** | **120.969** |
| **Зголемување по основ на:** | **25.066** | **40** | **25.106** |
| Набавки | 1.889 | 40 | **1.929** |
| Ревалоризација на капитални средства | 23.177 | | **23.177** |
| | | | - |
| **Намалување по основ на:** | **3.783** | - | **3.783** |
| Амортизација | 3.783 | | **3.783** |
| | | | - |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **141.455** | **837** | **142.292** |

## ВОВЕД

### Статус

1.1 Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е највисока јавна автономна високообразовна, научна, односно уметничка установа, која ја сочинуваат факултети и научни институти.
На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје може да се основаат и уметнички академии и високи стручни школи согласно со закон.
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје обезбедува единство во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста и, како непосредно, така и преку своите единици од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја, полиња и области (дисциплини). Седиштето на Универзитетот е во Скопје, на бул. „Гоце Делчев“ бр. 9.

### Дејност

1.2 Основна дејност на Универзитетот е да образува студенти и да ги развива науката и уметноста.
Универзитетот ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција на образовна, научна и уметничка дејност) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување, согласно со Законот за високото образование, како и преку:
- остварување на единствен стратегиски развој;
- донесување на стандарди, нормативи и правила за организација и за вршење на високообразовната, научноистражувачката и уметничката дејност;
- реализација на европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
- поврзаност на наставата со науката;
- учество во домашни и во меѓународни проекти;
- остварување соработка и партнерство со: универзитети, национални и други академии, бизнис-заедницата, јавни и приватни институти и центри и со други домашни и странски субјекти, заради унапредување на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната дејност;
- трансферирање на средства до единиците на Универзитетот согласно со актите на Универзитетот;
- организирање заеднички студиски програми;
- организирање заеднички студиски програми со домашни и со странски високообразовни установи;
- организирање меѓународни студиски програми и унапредување на европската димензија во високото образование;
- остварување на применувачка и високостручна дејност;
- усогласено дејствување во финансискиот сектор, во инвестициите и во развојните планови;

- профилирање на научните истражувања и уметничкото творештво и нивна финансиска поддршка;
- определување на посебни услови за избор и за напредување во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања;
- соработка со универзитетите во земјата и во странство;
- водење на политика за мобилност на студентите, наставниците, соработниците и на административниот кадар;
- создавање на правила за рационално користење на човековите и на материјалните ресурси;
- организирање на студентите и развој на нивните воннаставни активности;
- создавање на систем за обезбедување и контрола на квалитетот;
- воспоставување на стандарди во наставата;
- воспоставување на информационен систем;
- воспоставување на библиотечен систем;
- остварување на издавачка дејност;
- издавање на дипломи;
- организирање на научни и уметнички собири;
- трансферирање на средства до единиците на Универзитетот и до универзитетските организации за културни и за спортски активности;
- издавање на обрасци и други документи за потребите на студентите;
- организирање на стручна, односно административно-техничка служба;
- водење и чување на универзитетска документација;
- грижа за заштитата и унапредувањето на стандардот на студентите и вработените;
- создавање на програма за размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
- осигурување на имотот на Универзитетот и неговите единици;
- организирање зимски/летни универзитети и други форми на едукација;
- организирање студии надвор од Република Северна Македонија;
- применувачка дејност;
- развој на нови дејности;
- вршење на други дејности и работи определени со закон и Статут.

**Организациона структура**

1.3 Тргнувајќи од надлежностите, како и од видот, обемот, сложеноста и меѓусебната сродност и поврзаност на работите и задачите и другите услови потребни за нивното извршување за реализација на стручната дејност на Универзитетот се воспоставува **Стручна и административна служба.**

Работите и задачите во Централната стручна и административна служба се вршат во следниве организациони единици:

1. **Кабинет на ректорот**
2. **Одделение за настава**
3. **Одделение за наука**
4. **Одделение за меѓународна соработка**
5. **Одделение за финансии, сметководство, инвестиции и развој**
6. **Одделение за јавни набавки**

7. **Одделение за правни работи**
8. **Одделене за општи работи**
9. **Одделение Универзитетски компјутерски центар**
10. **Одделение за Ревизија**

Стручната и административна служба на Универзитетот ги извршува стручните, административните и техничките работи за потребите на Универзитетот поврзани со наставата, науката, меѓународната соработка, финансиите, библиотечно работење и сл. при тоа обезбедувајќи функционална и организациска целина на Универзитетот.
Единственото функционирање на Стручната и административна служба на Универзитетот се остварува со меѓусебна соработка на Централната стручна и административна служба - Ректорат и Стручните и административни служби на единиците (факултети/институти) и со усогласување на нивната работа.
Интегрираното функционирање на Стручната и административната служба на Универзитетот го обезбедува **генералниот секретар на Универзитетот.**

**Управување и раководење со субјектот**

1.4. Функционалната интеграција на единиците на Универзитетот и нивното усогласено дејствување се обезбедува преку органите на Универзитетот:
- Универзитетски сенат
- Ректор и
- Ректорска управа.

**Универзитетски сенат**

Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган кој го сочинуваат: ректорот, претставници од единиците на Универзитетот, претставници од придружните членки и од универзитетското студентско собрание, застапени според критериуми утврдени во Статутот на Универзитетот. Во работата на Сенатот учествуваат и проректорите без право на одлучување.
Сенатот одлучува за прашања кои се однесуваат на наставната, научната, уметничката и високостручната (применувачка) дејност, усвојува студиски програми, ги предлага до Националниот совет за високо образование основите врз кои се определува школарината за студирање, утврдува критериуми за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, утврдува критериуми и правила за студирање на трите циклуси на студии, потврдува избор на редовни професори, потврдува избор на декан/директор, одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa), звањето почесен професор на универзитетот (profesor honoris causa) и звањето професор емеритус, донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците, програма за меѓународна соработка, годишен извештај за работата на Универзитетот, финансиски план, годишен завршен финансиски извештај и други надлежности утврдени во Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

## Ректор

Ректорот е раководен орган на Универзитетот. Ректорот го претставува и застапува Универзитетот во земјата и во странство.
Во рамките на раководењето со универзитетот ректорот ја усогласува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката дејност и друга работа на универзитетот; ги свикува, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Ректорската управа; дава иницијатива за свикување на Сенатот; ги извршува одлуките и заклучоците на сенатот; поднесува предлози и одлуки и други општи акти и заклучоци до сенатот и ректорската управа за прашања чие разгледување и решавање е во нивна надлежност; одлучува за финансиските и материјалните прашања кои не се во надлежност на сенатот на универзитетот; промовира доктори на науки, доделува награди, ја води меѓународната соработка на универзитетот и иницира соработка со други универзитети во земјата и странство, управува со имотот и се грижи за неговото одржување и други работи утврдени со Законот за високото образование, Статутот и други општи акти на Универзитетот.
За вршење на дел од своите права и обврски, ректорот може да овластува одделни проректори.

Универзитетот има четири проректори, и тоа за:
1. настава;
2. наука;
3. меѓународна соработка;
4. финансии, инвестиции и развој.

Ректорот и проректорите треба да бидат од различни наставно-научни подрачја.
Проректорите се избираат од редот на професорите од единиците на Универзитетот.
Проректорите, по предлог на ректорот, ги избира и ги разрешува Ректорската управа со тајно гласање. Потребно е присуство на 2/3 од членовите на Ректорската управа, а избран е кандидатот кој добил мнозинство гласови од присутните членови на Ректорската управа.
Мандатот на проректорите трае додека трае мандатот на ректорот.
Проректорите се грижат, ги координираат и ги усогласуваат високообразовната, научноистражувачката, уметничката, финансиската, инвестиционата и развојната дејност и соработката со универзитетите во земјата и во странство. Вршат и други работи и работни задачи.
Во случај на спреченост или отсутност на ректорот, задолжително го заменува еден од проректорите што ќе го определи ректорот.
Обемот на овластувањата во случајот од ставот 1 на овој член го утврдува ректорот со свој акт. Проректорите, за работата од својот делокруг, одговараат пред ректорот.

**Ректорска управа**

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на научните институти и претседателот на Универзитетското студентско собрание.
Ректорската управа ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Сенатот, ги утврдува и објавува конкурсите за запишување на прв, втор и трет циклус студии, дава мислење за студиските програми; го уредува издавањето на дипломи и други документи; утврдува предлог за висината на партиципација и школарина на студентите, го утврдува бројот на студенти за запишување, по предлог на ректорот избира и разрешува проректори и др. надлежности утврдени со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

**Стручни тела и комисии**

Сенатот, по потреба, може да формира стручни тела и комисии.
Составот, надлежностите и начинот на работа на стручните тела и комисии се утврдуваат со акт на Сенатот.

Тела на Универзитетот се:
- Универзитетски совет
- Тело за еднаковост, инклузија и недискриминација
- Универзитетско студентско собрание и
- Студентски правобранител.

Универзитетскиот совет врши надзор над извршувањето на дејноста на Универзитетот, задачите на Универзитетот во согласност со закон, законитоста на неговото работење, рационалната употреба на кадровските и материјалните ресурси и врши други работи утврдени со актот за основање и овој Статут.
Во рамките на надлежностите, Универзитетскиот совет предлага мерки до органите на Универзитетот за доследно извршување на дејноста и задачите на Универзитетот, укажува на незаконските акти и дејствија на Универзитетот и на единиците, предлага мерки за рационално користење на кадровските и материјалните ресурси на Универзитетот и на единиците, се грижи за заштита на автономијата на Универзитетот и презема мерки во случај на повреда на автономијата на Универзитетот, најмалку еднаш годишно доставува информација до министерството надлежно за работите на високото образование и до Сенатот на Универзитетот, и врши други работи од значење за Универзитетот и за единиците.

**Телото за еднаквост, недискриминација и инклузија** се грижи за спроведувањето на политиките на еднаквост и недискриминација; предлага донесување на нови политики, процедури и протоколи за еднаквост, инклузија и недискриминација; известува и презема мерки за отстранување на дискриминаторски практики на Универзитетот; спроведува истражување на состојбите со еднаквост, недискриминација и инклузија и известува за нив; постапува по претставки за дискриминација и вознемирување; ги информира

вработените и студентите за политиките на еднаквост и недискриминација; спроведува едукација на вработените и студентите за еднаквост и недискриминација; презема други активности и мерки во насока на промоција на еднаквост, недискриминација и инклузија.

**Универзитетското студентско собрание** ги штити интересите на студентите, учествува, преку свои претставници, во работата на органите и телата на Универзитетот и ги претставува студентите во рамките на високото образование како членови на академската заедница.

**Студентскиот правобранител** ги штити законските права на студентите и правата утврдени со актите на Универзитетот и на единиците.

**Располагање со сметки**

1.5. Овластен потписник за располагање со средствата на сметката за средства од буџетот на РСМ е:

- Проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор од 26.06.2020 година.

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Признавање на приходи и расходи**

2.1. Приходите и другите приливи во Билансот на приходи и расходи се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Во приходи не влегуваат: добиените материјални и нематеријални средства на подарок или по друга основа отстапени без надомест, вишоци утврдени по попис или на друг начин остварени средства во материјален облик искажани во изворите како деловни средства.

2.4. Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

2.5. Расходите и другите одливи во Билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**2.6.** Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

**2.7.** Расходите кои не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

**2.8.** Во расходи не влегуваат: подароците или на друг начин преотстапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средства, отпишаните побарувања и другите вонредни расходи кои се искажани на товар или во полза на капиталните средства.

**Проценување на билансните позиции**

**2.9.** Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

**2.10.** Проценувањето на билансните позиции се спроведува според сметководственото начело на парично искажување.

**2.11.** Долгорочните и краткорочните средства се проценуваат по нивната набавна вредност зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавката.

**2.12.** Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

**2.13.** Побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

**2.14.** Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како расход и се отпишуваат еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

**2.15.** Корисниот век на употреба односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со примена на годишните стапки за отпис согласно Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници со праволиниска метода на отпис.

**2.16.** Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средствата над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради

реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

**2.17.** За износот на пресметаната амортизација се намалуваат нематеријалните и материјалните средства и изворите на средствата.

**2.18.** Материјалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејност. Нематеријалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

**2.19.** Отпишувањето на нематеријалните и материјални средства може привремено да се прекине за средствата што се оштетени од виша сила, до нивното оспособување за користење.

**2.20.** Изворите на средства во билансот на состојба кај Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" се проценуваат според утврдената вредност на стекнатиот:

- Државен - јавен капитал (постојани материјални и нематеријални средства);

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 3.1. Приходи

### 3.1.1. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на износите на средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите, во вкупен износ од 91.319 илјади денари во 2022 година (2021 година – 45.806 илјади денари), по основ на трансфер на средства за плати, надоместоци и режиски трошоци.

## 3.2. Тековни расходи

### 3.2.1. Плати и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите, и тоа по следните основи:

- плати и надоместоци;
- персонален данок на доход од плата;
- придонеси за Пензискиот фонд;
- придонеси за Фонд за здравство и
- придонеси за Агенцијата за вработување.

Високообразовната, односно научната установа, има право од сопствени приходи да исплаќа повисока основна компонента на плата од онаа утврдена со Колективниот договор за високо образование. Платата на вработените се

исплаќа од две сметки и тоа од с-ката на основен буџет за основна компонента, за делот повисок од основната компонента на плата од сметка за сопствени приходи.

**во 000 денари**

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Основни плати и надоместоци | 14.692 | 11.682 |
| Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 5.714 | 4.542 |
| **Вкупно:** | **20.406** | **16.224** |

### 3.2.2. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат расходи за патување во земјата и странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат расходи за: електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина и централно греење;
- материјали и ситен инвентар кои опфаќаат расходи за ситен инвентар;
- договорни услуги, кои опфаќаат расходи за: изнајмување на простор и опрема за специјална намена, банкарска, осигурување на имот, услуги за копирање и печатење и други договорни услуги.

**во 000 денари**

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Патни и дневни расходи | 145 | 249 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 65.902 | 26.676 |
| Материјали и ситен инвентар | 979 | - |
| Договорни услуги | 1.910 | 633 |
| Други тековни расходи | - | 92 |
| **Вкупно:** | **68.936** | **27.650** |

### 3.2.3. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по основ на отпремнина за заминување во пензија, солидарна помош за смрт на член од потесно семејство на вработени и по извршни исправи во вкупен износ од 278 илјади денари во 2022 година (2021 година – 102 илјади денари).

**во 000 денари**

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Други разни трансфери | 218 | 102 |
| Исплата по извршни исправи | 60 | - |
| **Вкупно:** | **278** | **102** |

### 3.3. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по основ за набавка на компјутери и друга опрема за реконструкција на игралиштето во Конгресен Центар -Охрид, во вкупен износ од 1.699 илјади денари во 2022година (2021 година – 1.830 илјади денари).

**во 000 денари**

| Опис | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Купување опрема и машини | 834 | 1.830 |
| Други градежни објекти | 865 | - |
| **Вкупно:** | **1.699** | **1.830** |

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Активни временски разграничувања

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 18.564 илјади денари (2021 година – 8.337 илјади денари) и се однесува на обврски спрема добавувачи и обврски за плати кон вработените.

### 4.2. Постојани средства

#### 4.2.1. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во висина на целокупната опрема која во смисла на законските прописи претставува компјутерска опрема, канцелариски мебел, опрема за ПТТ сообраќај и друго намалена за исправката на вредноста.
Материјалните средства на Ректоратот крајот на 2022 година изнесуваат 142.292 илјади денари (2021 година – 120.969 илјади денари) и е усогласена со дел од

проценетото салдо на позицијата Извори на капитални средства и ревалоризациона резерва.

Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| Опис | Применети стапки во 2022 |
|---|---|
| Градежни објекти | 1 |
| Компјутери | 20 |
| Опрема и мебел | 12-14 |

Состојбата и промените на постојаните средства во 2022 година се прикажани во следната табела:

**во 000 денари**

`020 `022

| О П И С | Градежни објекти | Опрема | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3=од 1 до 2 |
| **Набавна или ревалоризирана вредност (НВ или РВ)** | | | |
| **Состојба на ден 01 јануари 2022 (НВ или РВ)** | 190.471 | 33.433 | 223.904 |
| **Зголемувања:** | | | 0 |
| Набавки во текот на годината | 932 | 957 | 1.889 |
| Ревалоризација | 37.716 | 6.628 | 44.344 |
| **Состојба на ден 31. Дек. 201 (НВ или РВ)** - Вкуп.I | **229.119** | **41.018** | **270.137** |
| **Исправка на вредност** | | | **0** |
| **Состојба на ден 01 јануари 2022 (ИВ)** | 76.308 | 26.627 | **102935** |
| Амортизација за тековната година | 1.743 | 2.040 | **3783** |
| Ревалоризација | 15.454 | 5.673 | **21127** |
| **Состојба на ден 31.Дек. 2021 (Акум. аморт.) - Вк. II** | **93505** | **34340** | **127845** |
| **НЕОТПИШ. ВРЕДН. НА МАТ. СРЕД. 31. дек. 2022 (СВ)** | **135.614** | **6.678** | **142.292** |
| **НЕОТПИШ. ВРЕДН. НА МАТ. СРЕД. 31. дек. 2021 (СВ)** | **114.163** | **6.806** | **120.969** |

## ПАСИВА

## 4.3. Тековни обврски

### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 16.793 илјади денари (2021 година–6.834 илјади денари), и се однесува на неизмирени обврски спрема добавувачите за набавени стоки и услуги во земјата.

### 4.3.2. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 1.771 илјади денари (2021 година – 1.503 илјади денари) и се однесува на пресметаната обврска за плата за месец декември 2022 година.

## 4.4. Извори на капитални средства

### 4.4.1. Државен јавен капитал

Оваа позиција во 2022 година е проценета во износ од 142.292 илјади денари (2021 година–120.969 илјади денари) во висина на сегашната вредност на евидентираните материјални средства.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Бр. 22-224/9
29.09.2023
Скопје

До
**Државен завод за ревизија**

**Скопје**

**Предмет: Доставување забелешки на Нацрт извештај**

Почитувани,

Во врска со доставените Нацрт извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во прилог ви доставуваме забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 02.10.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org | Број Nr. | Прилог: Shtojce. | Вредност: Vlera: |
| | 23-209/16 | | |

**Ректор**

**Проф. д-р Биљана Анѓелова**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

**Изработил:**
**Ленче Стојановска, раководител на одделение за финансии, инвестиции и развој**
**Одобрил:**
**Марија Маневска, Генерален секретар**

## ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

### 603-17 СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ

**Точка 3.1.1**

На вашата забелешка дека при вршење на пописот на постојаните средства (опрема и други средства) пописната комисија врши попис само со податоци за количината, а не и вредноста на истите сакаме да ви појасниме.

Основните средства на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се евидентираат на три сметки: 603-17; 788-18 и 788-10 во зависност од која сметка се набавени средствата. Поставеноста на постоечкиот софтвер е таква што ги групира основните средства по локација каде се сместени. На една локација може да има основни средства набавени од сите три сметки, па и доколку би имале вредносни показатели не би можеле да се усогласат со сметководствената состојба, само би довеле до забуна. Од таа причина пописните листи се без вредности. Комисијата со читач ги евидентира основните средства, оние кои немаат инвентарен број ги евидентираат по назив и локација, а тие програмски се групираат во согласност на која сметка се сметкводствено евидентирани.

Што се однесува до необележаната опрема има мал дел необележана со инвентарен број опрема, која е многу стара или нема можност и е непрактично да се залепи инвентарен број (килими, инсигнии за ректор и проректори, некои рутери кои не се достапни да се прочитаат со читач и сл.), но по називот и количината евидентно е дека е попишана и ја има, за што потврдува и потписот на пописните комисии. Напоменуваме дека сите овие основни средства имаат финансиска вредност во базата на стариот софтвер. Пописните листи без вредности се прилог кон финансиските пописни листи поделени по сметки, како што се евидентирани и во сметководството.

Како што и сами наведувате во Нацрт извештајот со новиот софтвер ќе се овозможи групирање и креирање на пописни листи со финансиски вредности.

Сметаме дека во однос на пописот на основните средства ревизорите не треба да имаат мислење со резерва за висинитоста и објективноста на финансиските извештаи.

### 788-18 СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ

**Точка 3.1.1**

Забелешката е иста како во точка 3.1.1.од 603-17 сметка на основен буџет

Ленче Стојановска, раководител на одделение
за финансии, инвестиции и развој
Марија Маневска, генерален секретар

**Точка 3.1.3**

Во однос на забелешката на начинот на евидентирањето на приходите по основ уплатени трошоци за студирање на трет циклус докторски студии и неусогласеноста со член 8 став 2 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и непоседување точни информации за висината на очекувани идни приливи на средства од организационите единици во продолжение ви ја појаснуваме постапката.

Студентите на трет циклус докторски студии имаат обврска да платат 250 евра во денарска противвредност на сметката на сопствени приходи на УКИМ за школата за докторски студии при запишување, што е наведено и во конкурсот и во Правилникот. УКИМ неможе да створи побарување бидејќи нема податоци колку и кои студенти ќе се запишат пред да се запишат. Исто така уплатата од страна на студентите при запишување е еднократна. УКИМ не очекува идни приливи ниту од студентите ниту од единиците како што е наведено во Извештајот во т.3.1.3. Од тука сметаме дека не се прекршува член 8 став 2 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници со кој е пропишано водење книга на побарувања и обврски. Праксата на проверка на уплатите со запишаните кандидати е прекината со донесувањето на Правилникот за условите критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии- докторски студии на УКИМ.(Универзитетски гласник 530 од 31.12.2020 год.) Согласно член 26 и 29 од Правилникот, а со цел заштита на личните податоци, личното име на кандидатите се означува со шифра/код која е позната само на кандидатот и на советот на студиската програма. Студентите ја приложуваат уплатницата за уплатени средства на сметката на УКИМ на студентски прашања при запишување, како составен дел на потребната документација и од тука сметаме дека контролата е извршена.

На ваше укажување во текот на ревизијата побарани се списоци на запишани студенти на трет циклус од факултетите и веќе голем дел се доставени и проверени од страна на Ректоратот.

Од наведените причини сметаме дека нема неусогласеност со член 8 став 2 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и сметаме дека не треба да стои како забелешка.

**Точка 3.2.2.1**

Во врска со констатацијата на ревизијата за непреземање мерки за навремена наплата на закупнини во Домот за докторанди, нагласуваме дека за секој евидентиран постар долг (тоа се побарувања од преходни години), се преземени мерки за нивна наплата, односно се утужени и дадени на извршител. Што се однесува до наплатата на долговите од страна на извршителите, Универзитетот не може да преземе одговорност.

Во образложението за **<u>точка 3.2.2.1. од Нацрт-извештајот 01 2023 05 01/2</u>** во врска со доделување на становите, известуваме дека согласно со одредбите од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за сместување на кандидати-докторанди во Домот „Атанас Близнакоф" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 286/2014), е регулирано дека доколку во Домот останат празни станови по реализацијата на огласот за сместување, во тој случај рокот за користење на станот може да им се продолжи најмногу до две

Ленче Стојановска, раководител на одделение за финансии, инвестиции и развој
Марија Маневска, генерален секретар

години, како и дека може да се сместуваат докторанди и вон оглас по барање на единиците, доколку има празни станови.

Имајќи во предвид дека во становите се сместуваат докторанди, кои покрај обврските на матичниот факултет/институт, заради реализирањето на научната дејност кој им е обврска, често престојуваат и на високообразовни и научни институции во странство. Од тие причини се случува задоцнета уплата, која е тешко редовно да се следи. Често обврските ги подмируваат одеднаш за неколку месеци. Ние ја почитуваме академската слобода на нашите студенти.

**Точка 3.2.**

Забелешка на Препорака, алинеја 2

Универзитетот, сите правните лица преку кои се врши продажбата на обрасци, ги има евидентирано како комитенти во сметководствената евиденција на конто 1220. Изработува фактури и ја следи наплатата на истите.

Во препораката треба да се избрише **и нивно евидентирање во сметководствената евиденција.**

## 788-10 СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ – КОНГРЕСЕН ЦЕНТАР ОХРИД

**Точка 3.1.1**

Забелешката е иста како во точка 3.1.1.од 603-17 сметка на основен буџет, со дополнување дека како необележана опрема што се води на сметката 788-10 има само 4 рутери чија вкупна набавна вредност е 20.976,00 денари, сегашна 0,00 денари и е занемарлив износ во однос на вкупната опрема што се води на сметката на Конгресниот центар. Рутерите се поставени на високи недостапни места и е беспредметно да се става баркод за читач. Исто така сите основни средства што се водат на сметката на Конгресниот центар имаат вредност што може да се утврди од базата на основни средства што ви е доставена.

**Точка 3.1.4**

Во однос на благајничкото работење начинот е следен :
При наплата на рецепција се вади сметка и се наплаќа во готово , со кредитна картица или на фактура. При наплата во готово вкупно наплатениот износ се доставува во сметководство и се прави

сметкопотврда и благајнички извештај(истите беа доставени на ревизија) Овие документи се состојат од благајнички извештај ,сметкопотврда и збир на сметки наплатени во текот на работниот ден . При уплата на готовината на трансакциска сметка се прави спецификација од благајнички извештаи се изготвуваат налози за уплата и се уплаќаат на сметка. **прилог: спецификација на извештаи, благајнички извештај, сметкопотврда, сметки .**

Од ресторан наплата може да се врши со кредитна картица , во готовина и на фактура. При наплата во готово и кредитна картица на крај на работен ден се доставува извештај во сметководство со дневниот пазар -**прилог преглед по вид на наплата .**

Што се однесува до неусогласеноста на годишниот фискален извештај со прометот, фискалниот апарат беше расипан и доставен на сервис -**прилог документ од Дуна за поправка на апарат**. Во периодот додека фискалниот апарат беше вон употреба се водеше итна сметководстваена книга согласно Закон за ДДВ која е усогласена со дневниот промет ( доставени итна сметководствена книга , книга за дневен промет годишни и месечни извештаи од фискален апарат на ревизијата).

**Точка 3.2.1**

Во врска со забелешката дека е извршено фактурирање од страна на Економскиот оператор со кој имаме склучено Договор за ангажирање на персонал за лица кои недостасуваат во списокот за редовност, ве известуваме дека е направен пропуст во евиденцијата, а услугите се извршени од страна на персоналот. Имено Конгресниот центар има ангажирано многу мал број на вработени за извршување на дејноста. Доколку некое лице недостасува не може да се извршува дејноста. Поради голем ангажман на вработените можно е некогаш да се случи некој од вработените да не се евидентирал во книгата за редовност, но не и дека не бил тој ден на работа. Во распоредот на смени што беше доставен и до ревизијата, евидентно е дека секое работно место е пополнето со минимален број на вработени, па од тука не е можно лицето да не е дојдено на работа, односно ако тоа лице не е дојдено, операторот има обврска да испрати друго лице, бидејќи објектот без тој број на лица не може да функционира ниту еден ден.

Прилог број 2

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат на сметката на основен буџет (603), сметката за средства од самофинансирачки активности (788-18) и сметката за средства од самофинансирачки активности – Конгресен центар (788-10), од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Ректорат проф. Д-р Биљана Ангелова број 22-224/9 од 29.09.2023 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-209/16 од 02.10.2023 година

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (603)**

1. Забелешката на констатираната состојба на **точката 3.1.1.** која се однесува на пописот, односно дека на дел од средствата набавени во претходен период не се обележани со инвентарни броеви и не е утврдена вредноста на истите во пописните листи се однесува и на точките 3.1.1. од извештаите на сметката за средства од самофинансирачки активности (788-18) и сметката за средства од самофинансирачки активности – Конгресен центар (788-10) и **преставува образложение** за воспоставениот начин на вршење на попис и информации кои на Овластениот државен ревизор му беа познати во фазата на извршување на ревизијата со кои се потврдува констатираната состојба во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор. За делот од образложениeто кое се однесува на необележаната опремата која е многу стара и неможноста да се залепи инвентарен број не се доставени дополнителни докази за издаден инвентарен број за таа опрема, со што би се промениле констатираните состојби во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

**Сметка на приходи остварени од самофинансирачки активности (788-18)**

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.1.3.** која се однесува на начинот на евидентирање на приходите по основ на уплатени трошоци за студирање на третиот циклус студии - докторски студии, како и на необезбедени списоци од организационите единици за бројот на запишани студенти за следење на нивната уплати, **претставува образложение** за начинот на уплата

на средства од страна на студентите од трет циклус на студии и причините за невоспоставените контроли за проверка на уплатите од страна на организационите единици при УКИМ кои на Овластениот државен ревизорот му беа познати во фазата на извршување на ревизијата. Исто така УКИМ известува за преземените активности по укажување од страна на Овластениот државен ревизор во текот на ревизијата, по што голем дел од побараните списоци на запишани студенти на трет циклус од факултетите се доставени до УКИМ и проверени. Во прилог на забелешките не се доставени списоци и други дополнителни докази за преземените мерки по дадената препорака.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.2.2.1.** која се однесува на начинот на доделување на станови под закуп на докторанти, одредбите од склучените договори, издавањето на решенија за задолжување со месечни заупнини и нивната наплатата **не се прифаќа**, од причини што наведениот Правилник за изменување и дополнување на правилникот за сместување на кандидати докторанти во Домот "Атанас Близнакоф" на УКИМ[1] со кој се додава нов член 16а и го регулира начинот на издавање на становите доколку во домот останат празни станови по реализација на огласот за сместување кој може да биде најмногу до 2 години, ревизијата го имаше во предвид при вршење на ревизијата. Имено со забелешки не се доставени дополнителни докази за објавен нов оглас по кој би се применил член 16а од наведениот правилник, со што констатираната состојба останува непроменета.

4. Забелешката на препораката во **точката 3.2.2. алинеја 2** која се однесува на регулирање на меѓусебните права и обврски со сите правни лица преку кои се врши продажба на обрасците преку склучување на договори и нивно евидентирање во сметководствената евиденција **делумно се прифаќа** и тоа: се прифаќа делот од препораката која се однесува на евидентирање на побарувањата, а дел од препораката кој се однесува на склучување на договори за регулирање на меѓусебните права и обврски со сите правни лица при продажба на обрасците останува непроменета. Препораката ќе биде коригирана во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

**Сметка на приходи остварени од самофинансирачки активности – Конгресен центар (788-10)**

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.1.4.** која се однесува на начинот на уплата и исплата на готови пари, благајничкото работење како и евидентирање во деловните книги на Конгресен центар **не се прифаќа**, од причини што во прилог на забелешките не се доставени благајнички извештаи наведени во спецификацијата и дополнителни докази во однос на усогласеност помеѓу годишниот фискален извештај и уплатените средства на сметката, како

[1] Универзитетски гласник бр.286 од 02.04.2014 година

и за воспоставена евиденција од благајничкото работење во деловните книги на Конгресен центар со кои ќе се оспори утврдената состојба.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.2.1.** која се однесува на начинот на ангажирање на персонал за извршување на хотелско – угостителски активности за потребите на Конгресниот центар **претставува образложение** со кое се известува за причините за направениот пропуст во евиденцијата за редовност и присуство на ангажираниот персонал.